# Службен гласник

## на Општина Кавадарци


| Број 8 | 08.03.2022 година |
|---|---|


СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Заклучоци по Барање доставено од Здружение на Украинците во Република Северна Македонија „Лејса Украинка“ | 2 |
| Заклучоци по Барање доставено од Здружение на Украинците во Република Северна Македонија „Лејса Украинка“ | 3 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ бр.05/2002) и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадарци“ бр.8/05, 14/10, 24/10, 38/19, 64/20 и 75/21), Градоначалникот на Општина Кавадарци, донесе,

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Заклучоци по**
**Барање доставено од Здружение на Украинците во Република**
**Северна Македонија „Лејса Украинка“**

1. СЕ ОБЈАВУВААТ Заклучоците по Барање доставено од Здружение на Украинците во Република Северна Македонија „Лејса Украинка“, донесени на Седница на Совет на Општина Кавадарци одржана на ден 07.03.2022 година.

2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци„ .

**Бр.09-1796/1** | **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**08.03.2022 година** | **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** | **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21), расправајќи по Барањето со арх.бр.08-1734/1 од 04.03.2022 година, доставено од Здружение на Украинците во Република Северна Македонија „Лејса Украинка“ ,

Советот на Општина Кавадарци на 1-та Вонредна седница одржана на ден 07.03.2022 година, ги донесе следните

## З А К Л У Ч О Ц И

1. Советот на Општина Кавадарци одобрува да се изврши трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци во износ од 600.000,00 денари на Здружение на Украинците во Република Северна Македонија „Лејса Украинка“ со намена - обезбедување на хуманитарна помош на населението во Украина.
2. Градоначалникот на Општина Кавадарци, веднаш да формира Комисија, во состав : Градоначалник д-р Митко Јанчев, Претседател на Совет д-р Стојанчо Рамов, членовите на советот Перо Николов, Вуко Мелов, Јован Златевски и Зоран Спиров, која ќе организира средба со Регионалната Стопанска Комора со цел закажување на брза средба со бизнис секторот во општината, кој се очекува да се вклучи во организирање на хуманитарна помош за населението во Украина која е загрозена со воените дејствија.
3. На Градскиот Плоштад ќе биде организиран собирен хуманитарен пункт на кој граѓаните на општина Кавадарци ќе можат да донираат ќебиња, средства за хигиена храна и други материјали како помош за населението во Украина.
4. Заклучоците влегуваат во сила со денот на донесувањето а ќе се објават во „Службен гласник“ на Општина Кавадарци

**Бр.08-1723/1**
**07.03 .2022 година**
**К А В А Д А Р Ц И**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**Претседател,**
**д-р Стојанчо Рамов**